Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото собрание е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на Собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Пријавите да се доставуваат до Стокопромет АД Скопје, булевар Партизански одреди бр. 70б, Скопје.

Секој акционер може да овласи со полномошно (физичко или правно лице) свој полномошник на Собранието на друштвото со давање на полномошно во писмена форма (без обврска до го завери на нотар). Акционерот треба веднаш, по писмен пат да го информира друштвото за назначување на свој полномошник на Собранието, преку архивата на друштвото. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното. Полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој му го дал полномошното, освен во случај ако полномошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред согласно Статутот на друштвото и Законот за трговски друштва.

Гласањето на точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот на друштвото и Законот за трговски друштва.

Секој акционер има право да поставува прашања за секоја од точките на дневниот ред на седницата на Собранието на друштвото. Одговор на поставените прашања се дава на самата седница на Собранието на акционери.

Акционерите можат да извршат увид на материјалите што се на дневен ред на Собранието секој работен ден од 11 до 13 часот во деловните простории на друштвото на булевар Партизански одреди 70б, Скопје.

СТОКОПРОМЕТ АД СКОПЈЕ

УПРАВЕН ОДБОР